РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 19-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| | Број | Прилог | Вредност |
| 11- | 1091/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: Општина Битола**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл. 17 од Законот за животната средина? Ако има пропишано посебни постапки доставете ни примерок (како документ или линк од веб страницата)?
2. Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина *(чл. 45 ст. 5 од Закон за животната средина)*? Ако да, ве молиме доставете ни го последно донесениот извештај?
3. Дали општината ги исполнува условите за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола? *(чл. 123 од Закон за животната средина)*?
4. Дали општината има вработено овластени инспектори за животна средина на општината? Ако да, колку овластени инспектори има?
5. Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животната средина? Ако е формирана кој ја сочинува, кога е формирана и што влегува во делокругот на работа?
6. Дали општината има донесено локален акционен план за животната средина согласно чл. 60 од Закон за животната средина? Ако има донесено, ве молиме доставете ни примерок од документот. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации? Кој го сочинува телото за следење на имплементацијата на ЛАП-от за животна средина?
7. Дали општината има усвоено Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно чл. 186 ст. 3 и 4 од Законот за животната средина? Ако да ве молиме да ни доставите примерок. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации?
8. Дали на територијата на општината постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата? Ако има доставете листа од заштитените подрачја
9. Дали во општината е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање? Ако е формирано кој го сочинува? Дали во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години?
10. Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет? Ако е формиран кој го сочинува и споделете одговорно лице за контакт.
11. Дали општината има донесено локална стратегија за млади и/или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.

[redacted]

12. На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?
13. Доколку Општината располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината ве молиме да ја споделите.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Потпис**

________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за спроведување урбанистички планови

Бр.11-109/2
24.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-109/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил!
24.09.2024год

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Раководител на човечки ресурси

Бр.11-109/3
24.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-109/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделние за јавни дејности

Бр.11-109/4
24.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-109/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил
24.09.24

10, 11 и 12 прашање

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за урабнистичко планирање
и заштита на животната средина

Бр.11-109/5

24.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-109/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
24.09.2024

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Сл-31

26.09.2024 год.

Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 01. 10. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 109/6 | | |

До
Емилија Илиевска
Лице задолжено за информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска предмет бр.11-109/4 од 24.09.2024 година

Во врска со Барање бр.11-109/4 од 24.09.2024 година, а се однесува на информации од јавен карактер поврзани животната средина, Ве информираме дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина ќе ги одговори само оние прашања за кои има надлежност во работата.

1.Општина Битола преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина покрај одговорите кои ги доставува до Барателите на информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, пристапот на информации и учество на јавноста во донесување на одлуките кои се однесуваат за состојбата на животната средина согласно член 17 од Законот за животна средина ги доставува до Одделението надлежно за менацирање на веб страницата на Општина Битола како и официјалната страна на социјалната платформа Фејсбук, а истите постојано ги надградува и двете станици.

На официјалната страна на општината во посебен дел Животна средина ставени се сите донесени стратешки документи, додека во делот за информирање и соопштенија се прикачуваат известувањета при Праг на информирање и Праг на алармирање кога се надминати граничните вредности на загадувачките материи на амбиенталниот воздух, Известувања при спроведување на Операотвниот план и програм за дезинфекција и дератизација (прскање од комарци, известувања за вршење дератизација) Б интегрирани дозволи, Зелен катастар , Известување за субвенционирање.....

2.Годишен Извештај за работата на Одделението за животна средина е изработен и е испратен до Совет на Општина Битола, додека Годишен Извештај до Министерство за животна средина и просторно планирање оваа година од нас не е побаран бидејќи се спроведуваа Претседателски и Парламентарни избори.

Извештајот испратен до Советот на Општина Битола ќе биде прилог на овај Допис

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

3.Општина Битола во рамките на Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина има овластено лице за издавање на Б интегрирани дозволи и истото води регистар на издадени Б интегрирани дозволи. Истото е испратено до Министерство за животна средина и просторно планирање како официјално лице.

Сите издадени Б интегрирани дозволи можете да ги најдете на нашата веб страна во делот животна средина.

Во ракмите на Општина Битола е и Општинскиот инспекторат, а овластен инспектор за животна средина врши надзор врз Б интегрираните дозволи.

4.Не, општина Битола нема формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина.Единствена мрежа за мониторинг се мерните станици Битола 1 и Битола 2 во ракмите на Државниот автоматски мониторинг систем за следење на амбиенталниот воздух.

5.Општна Битола има донесено локален еколошки акционен план ЛЕАП 2024-2030 за животна средина и истиот е донесен со јавна набавка и избран изработувач Еуромак контрол и работна група во сите области фирмирана од Градоначалник.

Во прилог Ви го доставувам линкот на страната на Општина Битола каде што можете да го најдете истиот:

https://www.bitola.gov.mk/strateski-planovi-2027/

6.Општина Битола нема изработено Локална агенда 21 за одржлив развој.

7.Во рамките на Општина Битола  постои заштитено подрачје Националниот Парк Пелистер и истиот е во надлежност на ЈП Национален Парк Пелистер.

Прилог:

Годишен Извештај за животна средина

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Љубо Атанасовски диа

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализација на
Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола
за 2023 година

Подносител на Извештајот:
Комисија за човекова средина, во соработка со Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот
Совет на Општина Битола

Битола, Април 2024 година

Врз основа на чл. 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ Бр. 5/2002), чл. 22 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник на Општина Битола Бр. 10/05 и 17/08) и Програмата за работа на Општина Битола, Советот на Општина Битола на својата Седница одржана на ден ____________ 2024 година го усвои следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализација на

Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола

за 2023 година

Програмата за животна средина на подрачјето на Општина Битола за 2023 година донесена од страна на Совет на Општина Битола со една измена и дополнување на истата, претставува рамка за спроведување на политиката за заштита и унапредување на животната средина .
Истата е реализирана низ следните постапки:

## 1. ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

**Изработка на нов План за подобрување на амбиенталниот воздух (2023-2028) и Реализација на Планот за подобрување на амбиенталниот воздух**

Општина Битола како пилот општина избрана од страна на Министерството за животна средина донесе нов План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот возхух, кој претставува стратешки документ за Општина Битола. По добивање на позитивна согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање и од Министерство за здравство донесен е Заклучок за усвојување на Планот за квалитетот на воздухот од страна на Советот при Општина Битола бр.09-36/66 од 20.04.2023 година.

-Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух во текот на целата година - редовни мерење и следења на државната мрежа, изготвување на месечни и годишни извештаи и редовно информирање на граѓаните на територијата на Општина Битола преку соопштенија при надминување на граничните вредности (праг на алармирање и праг на информирање).

Прилог 1

- Извештај за квалитетот на амбиенталниот воздух по месеци за тековната 2023 година заклучно со месец декември.

- Ажурирање на електронски регистар на одобрени елаборати за заштита на животната средина

  Водење и ажурирање на Регистар на одобрени и одбиени елаборати за заштита на животната средина - хартиена форма

- Број на издадени Елаборати за заштита на животната средина – 37 Решенија за Елаборати

- Ажурирање на електронски регистар на Б интегрирани еколошки дозволи

  Издадена една Б интегрирана еколошка дозвола - АД Млекара Битола

## 1.2 CLEAN AIR PROJECT – Подобрување на системот за греење

Општина Битола учествуваше во Проект подобрување на системот за греење во основни и средни училишта, се со цел подобрување на состојбите во животната средина и подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Во јуни месец Општина Битола потпиша договор за реализација со ЕУ делегација за реализација на проектот "EU for Clean AIR". Овој проект е дел од програмата на Европската унија за претпристапна помош – ИПА 2021, а се однесува за проекти за подобрување на квалитетот на воздухот во Битола. Според проектот во Битола предвидени се следниве активности: подобрување на систем за греење на јавни установи, озеленување на простор преку садење на дрвја.

Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина направи увид на терен и избраните локации за засадување на садници ги испрати до носителите на проектот како и до ЈКП Комуналец.

Проектот сеуште е во фаза на реализација и во 2024 година, а направен е план за динамика за испорака на количините и видовите дрвја со дефинирани датуми со соработка со ЈКП Комуналец.

## 1.3 АЖУРИРАЊЕ НА КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ

Во Програмата за животна средина беа предвидени средства за Ажурирање на катастар на загадувачи кои не се реализирани бидејќи Општина Битола е избрана како Пилот општина за Изработка на катастар на загадувачи на воздухот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање преку Секторот за Македонски информативен центар за животна средина.

Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина е во постојана координација со МЖСПП и изработувачот Технолаб со цел испраќање на потребните податоци за изработка на истиот.

## 1.4 ИЗРАБОТКА НА ЗЕЛЕН КАТАСТАР ДЕЛ 2

Според Законот за јавно зелениоло член 5 став 1 и согласно издвоените финансиски средства во Програмата за животна средина, со јавна набавка беше избран изработувач за изработка на стратешкиот документ Зелен катастар.

Изработката на Зелен катастар дел 2 го опфаќа потегот ул.Партизанска – дел од Градски парк- Булевар Социјалистичка револуција – Довлеџик до кружен тек Педагошка и попишани над 6.000 дрвја и грмушки истиот е предаден на ЈКП Комуналец и поставен на страната на Општина Битола- реализирани 500.000,00 денари

## 1.5 ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП

ЛЕАП-от преставува највисок стратешки документ од локално значење за заштита и унапредување на животната средина, кој има за цел да ја оцени моменталната состојба на животната средина во повеќе тематски области, да ги идентификува еколошките проблеми, предложи мерките и активности за нивно неутрализирање и решавање, направи приоритизација

за решавање на проблемите, како и имплементација на предложените мерки и активности за подобрување на состојбите.

Според чл.61 од Законот за животна средина и согласно Програмата за 2023 година за животна средина реализиран е уште еден развоен документ за состојбите, за идентификација на слабостите и предлагање на мерки и активности за подобрување на состојбите во животната средина. Истиот е изработен. Реализирани се 472.000, 000 денари согласно Програма.

**1.6 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД- АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

1.1.6 Општина Битола во соработка со Пивара Скопје, Пакомак, Министерството за животна средина, Министерство за земјоделие и Мен енд Маунтен спроведе акција под мотото Генералка викенд 2023 година.

Во истата учествуваа околу 1000 учесници од основни и средни училишта, Јавни претпријатија, приватни фирми како и месно население од урбани заедници, се со цел чистење на диви депонии, селекција на отпад (пластика,хартија и стакло) во основните и средни училишта.

Количини на собран отпад во акцијата:

-Собрана пластика 5м3

-Собрана хартија 5м3

-Собран мешан отпад 30м3

-Собран гломазен отпад 6м3

-Собран друг отпад 30м3

-Друг отпад собран од чистење на диви депонии 200м3.

Крајната цел на акцијата е подигнување на јавната свест и грижа за животната средина.

1.1.7 Општина Битола преку Одделениот за урбанистичко планирање учестуваше во Одржливо управување со отпадот во партнерство помеѓу САЛАР интернационал, Министерство за животна средина и просторно планирање и Заедниците на единиците на локална самоуправа како главни чинители во соодветните области на управување со отпадот.

Општина Битола беше избрана како пилот општина, формирана е работна група и истата учествуваше во изработка на Оперативен регионален план за управување со отпад, а потоа од него произлезе и  Локален акционен план за управување со отпад на ниво на Општина Битола(2024-2025).

## 3 . СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

**Согласно Програмата за животна средина за 2023 година дел Субвенции спроведени се 3 Јавни повици**

### 3.1 Субвенционирање на жителите на општината за инвертер клима уреди

Во текот на 2023 година е спроведен јавен повик за субвенционирање на граѓаните со поврат на дел од потрошените средства при купување на инвертер клима уреди и истиот е реализиран со 4.795.124,00 денари.

### 3.2 Субвенционирање на енергетска ефикасност

На истот се јави само една колективна зграда, но во Фаза 3 колективната зграда не продолжи понатаму во Јавниот повик.

### 3.2 Субвенционирање на замена на дограма за домаќиинства

Во текот на 2023 година е спроведен јавен повик за субвенционирање на замена на дограма за домаќиинства и истиот е реализиран со 1.600.000,00 денари

-Во делот на Субвенции покрај горенаведените Јавни повици реализирани се и Субвенционирање на енергетска ефикасност на колективни згради со Јавен повик 2022 година за доисплата на добитниците согласно Анекс договорите

### 1.8 Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола

Согласно Програмата за животна средина за 2023 година обезбедени се средства за Услуги за заловување и стручен третман на кучињата скитници и нерегистрираните кучиња на територијата на Општина Битола, спроведена е јавна набавка за избор на Оператор за решавање на проблемот – реализирани се 400 000,00 денари.

Во текот на годината со втора измена на Програмата за животна средина обезбедени се нови 1.000.000,00 денари, направена е нова јавна набавка (рамковна), избран оператор и истата е сеуште во тек.

**1.9 Во Програмата за животна средина за 2023 година во делот на капитални инвестиции Изработена е Физибилити студија за видео надзор – реализирани 1.500.000,00 денари.**

Истата е поставена на страната на Општина Битола и предадена до Одделението за економски развој за понатамошно нејзино спроведување и целоста реализација.

**Програмата за животна средина за 2023 година беше еднаш изменувана и дополнувана.**

- Во Програмата Р1 – услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола за истите во табеларниот приказ - Преглед на потребните финансиски средства, се надополнуваат нови 1.000.000,00 денари бидејќи средства од 400.000,00 денари се исцрпени.

- Во Програмата Р1 во делот Субвенции - субвенционирање на инвертер клима уреди средствата од 1.600.000,00 денари се надополнуваат со нови 3.195.124,00 денари и се зголемуваат на 4.795.124,00 денари.

- Во Програмата Р1 во делот Субвенции-субвенционирање на енергетска ефинасност на колективните згради Јавен повик од 2022 година за доисплата на добитниците според Договорот се надополнуваат со 250.000 денари и се зголемуваат од 750.000,00 на 1.000.000,00 денари

- Во Програмата Р1 во делот Субвенции-Субвенционирање на енергетска ефикасност колективни згради, за исплата се планирани 525.000,00денари, остануваат не искористени средства во износ од 2.600.000, 00денари

Табеларен приказ на Програмата за животна средина за 2023 година и нејзина реализација

| | | Програмата за животна средина за 2023 година<br><br>**Буџет** | Измени и дополнувања на Програмата за животна средина за 2023 година **Ребаланс** | **Реализација** |
|---|---|---|---|---|
| | **Животна средина** | | | |
| 1. | Изработка на Зелен Катастар дел втори | 500.000,00 денари | / | реализирано |
| 2. | Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола | 400.000,00 денари | 1.000.000,00 денари | 400.000,00 денари реализирани 1.000.000,00 во тек со рамковен договор |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи за 2023 година | 25.000,00 денари | / | Нереализирани (обезбедени се средства од МЖСр) |
| 4. | Уредување колективни згради на дворните места со зелени површини и поставување на урбана опрема во соработка со ЛП Комуналец со Договор за префрлување на средствата | 500.000,00 денари | / | Договор со ЛКП Комуналец/ незавршени обрски од ЛКП Комуналец |
| 5. | Изработка на ЛЕАП | 472.000,00 денари | / | реализирани |
| | **Субвенции** | | | |
| 1 | Субвенционирање на инвертер клима уреди | 1.600.000,00 денари | 3.195.124,00 денари | 4.795.124,00 денари. реализирани |
| 3 | Субвенционирање на енергетска ефикасност колективни згради | 3.125.000,00 денари | 2.600.000,00 денари (пренаменети средства) | 525.000,00 денари Спроведен ЈП/колективната зграда не помина во Фаза 3- средствата не се реализирани |
| 4 | Субвенционирање на енергетска ефикасност | 750.000,00 | 250.000 денари | 1.000.000,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на колективни згради Јавен повик од 2022 година за доисплата на добитниците според Договор | | | Анекс на договор до 30.03.2024 год. |
| 5 | Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства | 1.600.000,00 денари | / | реализирано |
| | **Капитални** | | | |
| **1** | Физибилити студија за видео надзор | 1.500.000,00 денари | / | реализирано |
| | **Вкупен буџет** | **10.472.000,00ден** | **12. 317. 124,00ден** | **~84%** |

Подносител на Извештајот

Комисија за човекова

средина, во соработка со Одделение за урбанистичко

планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот

Совет на Општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

Битола,27.09.2024 год.

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 27.09.2024 | |
|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог |
| 11 | 109/7 | |

Предмет: Доставување на информации од јавен карактер

1. Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет? Ако е формиран кој го сочинува и споделете одговорно лице за контакт.
- Локален младински совет во Општина Битола е формиран 2022 година, истиот брои 9 членови, млади луѓе од 15-29 години. Моментално во тек е постапка за избор на нов Младински совет.
2. Дали општината има донесено локална стратегија за млади или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.
- Општина Битола донесе Стратегија за млади на Општина Битола 2023-2027 година во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.
- https://www.bitola.gov.mk/strateski-planovi-2027/
3. На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?
- Со формирањето на Локалниот младински совет во 2022 година, отворањето на Младински центар во Битола и со одредување на службеник за млади ( лице одговорно за работењето на канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата ).

Службеник за млади
Наташа Ташкова Поповска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за спроведување на урбанистички планови
**бр. 30.сл од 02.10.2024 год.**

До
Сектор за правно-нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 02. 10. 2024

| Организациона единица | Број | Прилог | Вред. |
|---|---|---|---|
| 11 | 109/8 | | |

ПРЕДМЕТ: Доставување на информации од јавен карактер

ВРСКА: Барање бр.11-109/4 од 24.09.2024 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за информации од јавен карактер, поточно точка 9 во Општина Битола е формирано партиципативно тело на урбанистичо планирање со Одлука на Совет на Општина Битола бр.09-153/19 од 17.12.2020 год. и истото го сочинуваат:

- Претставници од комисијата за урбанизам на Општина Битола формирана од Градоначалник, односно лица вработени во општинската администрација, два члена;
- Претставник од Советот на Општина Битола, еден член;
- Претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, еден член;
- Претставници на здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, еден член;
- Стручни лица од обласат на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот, два члена;
- Стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план или урбанистичкиот проект, еден член;
- Претставници од урбаните и месните заедници, еден член.

Во моментот лицата кои се избрани за членови на ПТ не се лица помлади од 30 години, со исклучок на лицата кои ротираат во зависнист од изработувач/месна заедница кои се менуваат.

Изработил:

**Христијан Атанасовски**, *дипл.инж.арх.*

Раководител на Одделение:

**Љубица Мигуловска**, *дипл.инж.арх.*



ул. "Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
+389 47 208 442 +389 47 208 307 bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Општина Битола
Одделение за управување со човечки ресурси
Бр. 04-114/2
08.10.2024.
Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 08.10.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 109/9 | | |

До

Емилија Илиевска

**Врска:** Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-109/3 од 24.09.2024 година Македонско здружение на млади правници

Предмет: Достава на податоци

Во врска со доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известувам следното:
**Точка 4.** Да во Општина Битола има вработен 1 Советник инспектор Овластен инспектор за животна средина.

Со поздрав

Раководител
на одделение за управување со човечки ресурси
Кире Ѓоргиевски

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-109/10
09.10.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **19.09.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-109** од **19.09.2024 година**, каде бара информација за тоа дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварувањето на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во олдуки кои се однесуваат на состобата на животната средина согласно Законот за животна средина. (детален опис во прилог на Решението)

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-109 на ден 19.09.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за тоа дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварувањето на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во олдуки кои се однесуваат на состобата на животната средина согласно Законот за животна средина.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-109/1 од 19.09.2024.
2.Допис до Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11-109/2 од 24.09.2024.
3. Допис до Раководител на човечки ресурси со бр.11-109/3 од 24.09.2024.
4.Допис до Одделение за јавни дејности со бр. 11-109/4 од 24.09.2024.
5. Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-109/5 од 24.09.2024.
6. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-109/6 од 01.10.2024.
7. Допис од Одделение за јавни дејности со бр.11-109/7 од 27.09.2024.
8. Допис од Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11-109/8 од 02.10.2024
9. Допис од Раководител на човечки ресурси со бр.11-109/9 од 08.10.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 09.10.2024 година, под бр. 11-109/10.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА